Funded by the European Union

# ПОВТОРЕН ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ВО РАМКИ НА РЕГИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН 2 (RELOAD 2)

## ОПШТИНА ОХРИД ВО ПАРТНЕРСТВО СО ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ (УНДП) ОБЈАВУВА: ПОВТОРЕН ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ВО РАМКИ НА РЕГИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН 2 (ReLOaD 2)

Проектот Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2) е финансиран од Европската унија и го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во шест земји/територии од Западен Балкан. Проектот ќе трае до декември 2024 година и има за цел јакнење на партиципативната демократија и процесите за интеграција на земјите од Западен Балкан во Европската Унија преку јакнење на граѓанското општество и младите за нивно активно учество во процесот на денесување одлуки.

Во проектот ReLOaD 2 се вклучени 8 општини: Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Крива Паланка, Кочани, Куманово и Охрид.

Општина Охрид и проектот ReLOaD 2 ги повикуваат сите граѓански организации да поднесат предлог проекти кои се доследни на развојните цели на општина Охрид и со кои се опфатени следните приоритетни области:

1. **Младински активизам и партиципација**
   - 1.1 Активности за спречување на врсничко насилство и реализација на активности а превенција и спречувањесо сите видови насилство.
   - 1.2 Активности за подршка на младите во руралните средини
   - 1.3 Поддршка на младите, младинска партиципација и младински активизам.
   - 1.4 Поддршка на проекти и активности за подобрување на менталното здравје кај младите.

2. **Родова еднаквост, економска и социјална инклузија**
   - 2.1 Активности за зголемување на вештините и знаењата на жените и ранливите групи во руралните средини со цел подобрување на нивната економска состојба.

2.2 Поддршка на проекти и активности за развој, поттикнување и промоција на земјоделското производство, како и активности и едукација за одгледување на органско производство.

2.3 Реализација на проекти и активности за социјална инклузија на ранливите категории на граѓани, особено на лицата со попреченост и деца со потешкотии во развојот со цел подобрување на квалитетот на живот.

2.4 Реализација на проекти и активности за заштита и поддршка на жртви од семејно насилство.

**3. Заштита на животната средина**

3.1 Поддршка на активности за унапредување и заштита на животната средина

3.2 Проекти за подигнување на еколошката свест и зачувување на природното наследство и биодиверзитетот.

**4. Туризам и култура**

4.1 Поддршка на проектни активности за развој и промција на туризмот, културата и културно историското наследство на Општина Охрид.

4.2 Развој на алтернативниот и селскиот туризам како можност за подобрување на економската состојба на ранливите категории, пред се на жените и младите во руралните средини.

**Износот на средства за одобрени проекти ќе се движи од 307.000,00 МКД до 1.845.000,00 МКД.**

**На граѓанските организации им е дозволено да поднесат повеќе од еден предлог проект, доколку вкупниот доделен износ не надминува 3.690.000,00 МКД за целото времетраење на проектот ReLOaD2 (до декември 2024).**

**Општина Охрид и УНДП го задржуваат правото да не ги доделат расположливите средства доколку предлог проектите не ги исполнуваат зададените критериуми. Проектите може да бидат со времетраење од 6 до 10 месеци. Избраните проекти мора да се спроведат во периодот од ноември 2023 до крајот на август 2024.**

**ПОДОБНОСТ:**

Учеството на овој јавен повик е отворено за сите формално регистрирани граѓански организации (асоцијации/организации или фондации) согласно со Законот за здруженија и фондации.

**Сите заинтересирани граѓански организации може да најдат детални информации за условите за пријавување и за критериумите за финансирање на проекти во Насоките за подносителите, кои се составен дел од документацијата за јавниот повик (Анекс 10).**

**ДОКУМЕНТАЦИЈА:**

**Јавниот повик ќе трае од 16.06.2023(од 9:00 часот) до 14.07.2023 (до 15:00 часот)**. Документацијата за пријавување на јавниот повик на општина Охрид може да се обезбеди преку испраќање на барање, во кое е наведено името на заинтересираната организација, на следната адреса: Општина Охрид, „Димитар Влахов“ 57, 6000 Охрид и/или на е-пошта: mladi.nevladini@ohrid.gov.mk или лично во општина Охрид.

Сите неопходни информации и електронската верзија од целиот пакет апликација може исто така да се преземат од официјалната општинска веб страница (www.ohrid.gov.mk) како и на веб страницата на УНДП (www.mk.undp.org).

Инфо сесијата и обуката за граѓански организации ќе се одржи на 21.06.2023 година во Мала сала на Општина Охрид со почеток во 11:00 часот. Деновите за менторски сесии ќе бидат утврдени на самата обука заедно со претставниците на граѓанските организации а ќе бидат објавени на општинската веб страна.

Прашања во врска со јавниот повик може да се поставуваат преку адресата registry.mk@undp.org, со назнака за јавниот повик. Прашањата може да се поднесуваат до 11.07.2023, а одговорите ќе се обезбедат во писмена форма во рок од 3 работни дена од датумот на прием на прашањата. За да се обезбеди транспарентност, прашањата ќе се објавуваат на веб страницата на УНДП.

**ПОДНЕСУВАЊЕ АПЛИКАЦИИ:**

Пополнетите апликации (со целосна документација) мора да се поднесат **во три (3) печатени копии и една електронска верзија (само на USB),** во запечатен плик со назнака за јавниот повик, по препорачана пошта или лично, во работни денови (понеделник-петок), од 09:00 до 15:00 часот на следната адреса:

**Општина Охрид**
**„Димитар Влахов“, бр.57**
**Поштенски број:6000, Охрид**

Апликациите кои ќе бидат поднесени по овој краен рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенската марка стои датум и време на испраќање пред официјалниот краен рок. На надворешната страна на пликот мора да стои името на повикот за поднесување предлог проекти, целосното име и адреса на подносителот, целосниот назив на проектот и назнаката **„Да не се отвора пред официјалното отворање”**.

Општинскиот службеник ќе издаде потврда за прием на поднесените документи. Сите подносители на предлог проекти, независно дали истите се прифатени или одбиени, ќе бидат известени во писмена форма за одлуката во врска со нивниот предлог проект во рок од 30 работни дена од затворањето на јавниот повик. Резултатите ќе бидат објавени на општинската веб страница (www.ohrid.gov.mk) и/или на општинската огласна табла.

**Објава на јавен повик**.
**Анекс 1 – Предлог проект**
**Анекс 2 – Предлог буџет**
**Анекс 3 – Логичка рамка**
**Анекс 4 – План на активности и видливост**
**Анекс 5 – Формулар со административни податоци**
**Анекс 6 – Формулар со финансиски податоци**
**Анекс 7 – Изјава за подобност**
**Анекс 8 – Изјава за двојно финансирање**
**Анекс 9 – Листа за проверка**

**Анекс 11 – Цели на одржлив развој**
**Анекс 12 – Најчести грешки од претходни јавни повици за ГО**